alterna group
Kozara 42-2-12, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/fax: 00 389 2 3125 234
e-mail: alterna-group@on.net.mk

# АЛТЕРНА ГРУП, Скопје

СОЛАР
МАКЕДОНИЈА

Стопанска комора на Македонија

Алтерна груп проектира и изведува сончеви системи. Со дејноста се бави од 2005 год. Досега има изведено повеќе системи за подготовка на санитарна топла вода (мали, средни и големи), а од минатата година започна и со планирање и изведба на комби системи.

Комби системите се од особен интерес на фирмата, бидејќи овозможуваат еколошки и економски одржливо енергетско решение, т.е. покривање на целокупните топлински потреби со ОЕИ.

Комби систем - комбинирано користење на сончевата енергија за подготовка на санитарна топла вода и загревање на станбениот простор.






Вкупна колекторска површина - 20% уддел на комби системите - цел на ЕЗ до 2010 год.

Технологијата за примена на СЕ за подготовка на топла вода е веќе созреана и сигурна. Секојдневно, насекаде низ светот, илјадници системи ги прикажуваат придобивките од овој еколошки енергетски ресурс. Мотивирани од успехот на сончевите системи за подготовка на СТВ, се повеќе овој ресурс се применува и за загревање на простории.

Побарувачката за сончеви комби системи рапидно се зголемува во неколку земји (Германија, Австрија, Данска, Швајцарија)



Комби систем - Хотел Корушка, Австрија
Колекторска површина 144 $m^2$, во лето се загрева базенот




Досега инсталирани се комби системи каде што основен енергенс е електричната енергија. Дадениот пример е комби систем во хотел ХОЛИДЕЈ-М, Охрид.




# Комби систем со електричен греач



Во скора иднина се планира и изведба на комби системи во кои основен енергенс ќе биде огревно дрво. Индивидуална куќа во Драчево.




**Сончев комби систем со сериска интеграција на котелот за дополнително загревање**





Алтерна груп активно учествуваше во проектот финанси-ран од Австриската агенција за развој, од каде се здоби со вредни сознанија и имаше можност да изведе два демонстрациони системи : Детска градинка и Пензионерски дом во Берово.

Пазарот на алтернативни извори на енергија во Македонија сеуште не е целосно креиран и регулиран, заради што сеуште неможеме да обезбедиме стабилни услови на стопанисување. Потребна е финансиска поткрепа за да се добие економска исплативост во пократок рок.

